И З В Р Ш И Т Е Л
НиколинаИванова
именуван за подрачјето
на Основниот суд
Битола и Ресен
Бул. 1ви Мај 96-1/1
тел. 047/231-830

Образец бр.66

И.бр. 237/2018

Извршителот Николина Иванова од Битола, Бул. 1ви Мај 96-1/1 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Димитар Ѓорѓиевски од Битоласо живеалиште вос.Трново,засновано на извршната исправа П-2088/06 од 31.10.2009 година на Основен суд Битола, против должникот Живинарска задруга Јонче Ѓорѓиевски од Битоласо ЕДБ 4002996110122, ЕМБС 5093988 и седиште нас Дихово, за спроведување на извршување во вредност од 51.333,00 денари на ден 26.04.2022 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**

ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА

(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)

СЕ ОПРЕДЕЛУВА трета продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како деловни објекти, запишани во Имотен лист бр.3201 за КО Дихово при АКН-ОКН Битола, со следните ознаки:

- КП број 278 дел 1, на адреса „Дихово“, зграда 18, намена на зграда Б4, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 173 м2 сопственост на должникот Живинарска задруга Јонче Ѓорѓиевски со утврдена вредност од 765.555,00 денари, а почетна вредност на третата продажба со усно јавно наддавање изнесува 510.370,00 денари под која недвижноста не може да се продаде на ова јавно наддавање; и
- КП број 278 дел 1, на адреса „Дихово“, зграда 20, намена на зграда Б4, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 41 м2 сопственост на должникот Живинарска задруга Јонче Ѓорѓиевски со утврдена вредност од 183.187,00 денари, а почетна вредност на третата продажба со усно јавно наддавање изнесува 122.124,00 денари под која недвижноста не може да се продаде на јавно наддавање;

Продажбата ќе се одржи на ден 17,05,2022 година во 10,00 часот во просториите на Извршителот Николина Иванова на ул:Булевар 1-ви мај бр.96-1/1 во Битола.

Недвижноста е оптоварена во корист на доверителот. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.500000000615977 која се води во Стопанска Банка АД Битола.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во дневниот весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л

Д.-на: доверител
должник
Општина Битола - Сектор за финансии
Одделение за наплата на даноци,
такси и други надоместоци

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ИЗВРШИТЕЛ
НИКОЛИНА ИВАНОВА
за подрачјето на
Основен суд Битола
Основен суд Ресен
БИТОЛА

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд Битола согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.